СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ДЕЈАН ГИЧЕВ

за Св. Николе



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



„ДА СОЗДАДЕМЕ ОПШТИНА ШТО ЌЕ БИДЕ ПРИМЕР ЗА РАЗВОЈ“

**Почитувани сограѓани,**

Како жител на Свети Николе, родител и активен член на нашата заедница, со длабоко разбирање за животот, предизвиците и можностите на ова поднебје, одлучив да се кандидирам за градоначалник – заедно со вас да го вратиме достоинството и развојот на нашата општина.

Со години сум активен во областа на земјоделството – како професионалец што ги познава проблемите на Овчеполскиот Регион од прва рака. Работев со земјоделци, со локални институции, и бев постојано ангажиран на терен. Моето искуство ме научи дека за вистински напредок се потребни одговорност, транспарентност и искрена грижа за граѓаните.

Верувам во потенцијалот на Свети Николе – верувам дека можеме многу повеќе. Можеме да изградиме општина во која:

- Младите остануваат и успеваат;
- Земјоделството е столб на економијата;
- Администрацијата е во служба на граѓанинот;
- Проектите не се само на хартија, туку реалност.

Моите приоритети се јасни:

- Обнова на локалната инфраструктура;
- Поддршка за земјоделството и економскиот развој;
- Социјална грижа и достапни услуги за сите;
- Повторно поврзување на општината со граѓаните – отворена, отчетна и ефикасна локална власт.

Ве повикувам да ми ја дадете вашата доверба, вашата поддршка и вашиот глас – заедно да ја вратиме нормалноста што ја заслужуваме.

Да создадеме општина што ќе биде пример за развој, а не за застој.

Со почит и благодарност,

**Дејан Гичев**

кандидат за градоначалник на Општина Свети Николе

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Свети Николе

Ние сме едни од вас, ваши сограѓани, кои одлучивме да ја понесеме одговорноста да бидеме и ваши застапници во Советот на Општината.
Свети Николе може да биде подобро и попристојно место за живеење за сите – место со побезбедни улици, почиста околина, како и силна поддршка за малите бизниси, младите и земјоделството.
Заедно можеме да ја изградиме општината во место на коешто ќе бидеме горди што живееме.
Ветуваме дека ќе бидеме вашиот глас, јасен и гласен!

1. Игор Поповски, р. 1974, дипломиран професор по физика
2. Софија Душановска, р. 1996, магистер на технички науки од областа на градежништвото
3. Бојан Максимов, р. 1997, магистер по технички науки од областа на геодезијата, докторанд по инженерство за заштита на животната средина
4. Емилија Стоилев, р. 1987, дипломиран економист – финансиски менаџмент
5. Саша Мицевска, р. 1980, дипломиран професор по англиски јазик и книжевност
6. Зоран Цветанов, р. 1986, дипломиран професор по музичка уметност и педагогија
7. Александра Спасова, р. 1995, дипломиран професор по физичко и здравствено образование
8. Мартина Богданова, р. 1993, дипломиран професор по македонски јазик и книжевност
9. Игор Стаменков, р. 1989, дипломиран економист
10. Перица Паневски, р. 1991, дипломиран правник, правосудна насока
11. Дока Спасова, р. 1958, пензионер
12. Мишо Савев, р.  1958, пензионер
13. Жаклина Стефанова, р. 1970, биотехнолог лаборант - ССС
14. Кристина Андоновска, р. 1988, средно образование
15. Јонче Додевски, р.  1971, механичар за земјоделски машини

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

Во периодот на владеењето на СДСМ, реализиравме низа значајни проекти што ја подобрија секојдневната реалност на граѓаните на Свети Николе.

- Реконструкција на улици низ целата општина;
- Изградба и спојување на водоводната мрежа со хидросистемот „Злетовица" на село Горобинци;
- Започнување на водоводна мрежа во село Орел;
- Започнување на канализациска мрежа во село Мустафино;
- Набавка на механизација и основни средства на Јавното комунално претпријатие;
- Поддршка за успешно спроведување на донација на противпожарни возила од Англија;
- Обезбедување линиски превоз за неколку села;
- Донесување на Генерален урбанистички план (ГУП) на Општина Свети Николе;
- Раздолжување на институциите под локална самоуправа со финансиска помош од централната власт предводена од СДСМ, односно раздолжување на сите наследени долгови од претходната локална власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ;
- Изградба на нова противпожарна станица;
- Обезбедување социјални станови за семејства во социјален ризик;
- Изградба на пешачка и велосипедска патека до село Кнежје;
- Изградба на детска градинка во село Ерџелија;
- Изградба на нови улици зад Здравствениот дом и во населба Горобински;
- Реконструкција на интернатот при СОУ „Кочо Рацин" Свети Николе;
- Промена на покривната конструкција и столарија во Детската градинка „Рахилка Гонева", како и опремување на кујната со нови кујнски апарати;
- Реновирање на централните основни училишта ООУ „Кирил и Методиј" и ООУ „Гоце Делчев";

Овие проекти се доказ дека кога има визија, има и резултати што директно и конкретно влијаат врз квалитетот на животот на граѓаните.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

И по цели четири години власт, актуелното раководство на Општина Свети Николе остави зад себе празни ветувања, нефункционални институции и незадоволни граѓани. Наместо развој – добивме стагнација. Наместо отчетност – добивме молк. Наместо подобар живот – добивме повисоки сметки и пониски стандарди.

Ветуваа многу – реализираа малку:

- Гасификација, спортски сали, нови градинки, базен, подобар јавен превоз... – 80 % од ветувањата не се реализирани.
- Проектот за базен, кој беше подготвен со направена финансиска конструкција и веќе распишан тендер во времето од 2017 до 2021 година, кога работењето со општината беше предводено од СДСМ – проектот за базен беше целосно стопиран од новото раководство предводено од ВМРО-ДПМНЕ, без никакво објаснување.

Проблеми во секојдневното управување:

- Ниско ниво на комуникација со граѓаните
  Граѓаните немаат пристап до информации, ниту се вклучени во креирање на локалните политики. Јавните трибини и консултации со месните заедници – практично не постојат.
- Јавните претпријатија работат со загуби
  Малата ликвидност доведе до неисплатени обврски и финансиска нестабилност. Наместо да бидат сервис на граѓаните, стануваат товар на буџетот.
- Транспарентноста е на најниско ниво
  Граѓаните не знаат како се трошат нивните пари. Посебно загрижува тоа што нема јавен увид во загубите на јавните претпријатија и не постои отчетност за јавната потрошувачка.
- Услугите поскапија за 100 %
  Наместо да се подобрат условите за живот, услугите на комуналното претпријатие поскапија драстично. Во време на економска криза, ваков чекор е целосно неодговорен и несоцијален.

Тие имаа можност – и ја пропуштија. Свети Николе стагнираше четири години. Жителите не добија ништо што беше ветено. Токму затоа, ова не е само политичка борба – ова е борба за враќање на нормалноста, за општина во која институциите им служат на граѓаните, а не на партијата.



# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам затоа што не можам да останам рамнодушен на тоа што го гледам секој ден – застој, неправда и непромисленост. Свети Николе заслужува многу повеќе. Имам искуство, знаење и желба да работам чесно и одговорно за сите граѓани. Мојот мотив не е лична амбиција, туку колективна обврска – да ја вратиме нормалноста и перспективата.

Колку е важно да се има визија за општината? Дали е потребно да се има и визија за општеството во целина?

Без визија, нема напредок. Општина без план е како брод без компас – ќе талка, ќе троши ресурси, но никаде нема да стигне. Мораме да мислиме долгорочно – и за Свети Николе, но и за општеството во целина. Тоа значи вложување во образование, екологија, одржлива економија и социјална правда.

- **Што мора да се направи во следниот мандат? Дали се доволни само инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е основа, но не е доволна. Мора да инвестираме и во луѓето – во младите, во социјалната заштита, во дигитализација и институционална ефикасност. Сакам Свети Николе да биде град каде што ќе се останува, а не од каде што се бега.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Тие се клучни. Ако ги изгубиме младите, ја губиме иднината на нашиот град. Ќе работиме на отварање нови можности: поддршка за млади претприемачи, организирање културни и спортски настани, партнерства со универзитети и ИТ-секторот. Ќе создадеме услови младите да сакаат да останат тука, да бидат движечката сила на општината.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Безбедноста не значи само полиција. Таа значи уредени јавни простори, осветлени улици, сообраќајна култура, решени комунални проблеми. Ќе соработуваме со полицијата, со училиштата и месните заедници за да градиме безбедна и здрава заедница.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за подобро живеење?**

Апсолутно. Лошото урбанистичко планирање веќе ги чини граѓаните скапо. Треба јасен урбан развој, решавање на сообраќајниот хаос, повеќе зелени површини и велосипедски патеки. Градот мора да биде функционален и пристапен за сите – и за пешаци, и за лица со попреченост, и за возачи.

- **Како ќе се справите со загадувањето и јавната чистота?**

Не сме осудени да живееме во ѓубре. Ќе воспоставиме ефикасен систем за селекција на отпад, санација на диви депонии и редовно одржување на јавната чистота. Ќе набавиме современа опрема и ќе ангажираме повеќе комунални работници. Ќе вложиме и во едукација – секој граѓанин е дел од решението.

- **Како да ја повратиме довербата во системот и да се бориме против корупцијата?**

Со дела, не со зборови. Ќе воведеме целосна транспарентност: јавни извештаи и отворен пристап кон граѓаните. Секоја одлука ќе биде достапна за увид. Општината ќе стане сервис, не тајна соба. И тоа ќе ја врати довербата – кога луѓето ќе видат дека некој конечно работи за нив.

- **Како да го спречиме иселувањето? Имаме ли иднина без луѓе?**

Нема општина без граѓани. Ќе креираме услови за младите да останат и семејствата да растат тука. Тоа значи работни места, квалитетно образование, сигурна социјална поддршка и пристојна инфраструктура. Ќе работиме со државата, но и самостојно ќе бараме проекти и средства што ќе ја вратат перспективата во Свети Николе.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што ве прави различен?**

Затоа што не ветувам што не можам да исполнам. Затоа што не гледам на функцијата како на трофеј, туку како на обврска. Јас сум човек од народот, со години вклучен во локалниот живот, со искуство, со енергија и со чесна намера да направиме разлика. И ќе направиме.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Нашата визија не е само да ја подобриме инфраструктурата – туку и заедница. Општината е дом за сите – млади, жени, пензионери, ранливи категории – и само ако вложуваме во луѓето, ќе создадеме поуспешно, праведно и хумано место за живеење. Затоа, предложуваме нови политики и мерки што директно одговараат на реалните потреби на граѓаните, поделени по целни групи и области:

- **За младите – иднината започнува овде**
  - Младински центар – простор за обуки, вмрежување и едукација;
  - Фонд за млади – кои ќе опфаќа млади уметници, младински иницијативи и перспективи;
  - Субвенционирање на полагање возачки испит за млади и лица од социјален ризик;
  - Млади практиканти во општинската администрација – платена практична работа и менторство;
  - Стратегиски план за дефицитарни кадри и поддршка за талентирани ученици;
  - Кампањи против насилство во училиштата, обуки за родова еднаквост и safe space центри;
- **Еднаква можност за сите**
  - Советник за еднакви можности и родово одговорно буџетирање.
  - Фонд за итна помош за самохрани мајки, субвенции за градинка и сместување, помош при вработување.
  - Едукативни кампањи и претставување на можности во рурални средини.
  - Поддршка за Дневен центар со грижа за деца за време на обуки и едукации на нивните родители;
  - Инклузивни детски игралишта;
- **За пензионерите и постарите – со почит и грижа**
  - Општински волонтерски сервис – мобилни тимови што им помагаат на постарите сограѓани за пазарување, лекарства и дружење;
  - Превоз до здравствени установи;
- **Образование – инвестиција во знаење**
  - Стипендии за талентирани деца;
  - Еднократен надоместок за ученици на генерацијата;

- Бесплатни оброци за сите ученици во основно и средно училиште;
- Најдобрите 15 ученици од целата општина ќе бидат наградени со летување во Охрид;
- Поддршка за иновативни ученички проекти;
- Бесплатни часови по математика и јазици – за деца од семејства со низок доход;

● **Економски развој и локална поддршка**

- Каталог за рекламирање на локални бизниси и занаетчии;
- Развој на рурален туризам

● **Животната средина – чисто и здраво опкружување**

- Рециклирачки острови, мобилни пунктови за кабаст отпад, зелени покриви и фасади;
- Урбани мини шумички, редовно чистење на реката, уредување и рехабилитација на јавните чешми;
- Соларни панели на јавни згради;
- велопатеки и фитнес-зони;
- Сензори за аерозагадување, изградба на паркови за миленици, нови автобуски постројки со е-табли;

● **Транспарентност и директна вклученост на граѓаните**

- Онлајн платформа за директна демократија – граѓаните одлучуваат за проекти;
- Линија за брзи интервенции – пријава на дупки, светилки, депонии, оштетени клупи итн.;
- Лице задолжено за комуникација и медиумска транспарентност – борба против дезинформации;

Ова не се само предлози – ова е повик за заедничко менување на работите. За младите да останат тука, постарите да бидат почитувани, а сите да се чувствуваат безбедно и да живеат со достоинство. Нашата општина ќе биде синоним за солидарност, развој и праведност.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на градски базен од отворен тип

Изградба на градски базен од отворен тип во сопственост на Општина Свети Николе со кој во летниот период ќе менаџира правно лице со договор под концесија.

**Влијание на проектот:**

Општина Свети Николе со децении нема функционален градски базен, што ги принудува граѓаните – особено младите и семејствата со деца – да патуваат до соседните градови за користење базен. Ова претставува дополнителен финансиски товар и ограничен пристап до рекреација и спорт. Изградбата на базенот ќе придонесе за подобрување на здравјето, промоција на спортски активности и квалитетно користење на слободното време, со што ќе се намали изложеноста на младите на пороци и прекумерна употреба на технолошки уреди.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Свети Николе, со посебен фокус на младите луѓе и семејствата со мали деца.

## Замена на главните азбестни водоводни цевки

Жителите на Свети Николе се снабдуваат со вода преку стара и дотраена водоводна мрежа, делумно изработена од азбест – материјал што претставува здравствен ризик. Проектот предвидува целосна замена на азбестните цевки со современи и здравствено безбедни материјали, со цел обезбедување сигурно, квалитетно и непречено водоснабдување.

**Влијание на проектот:**

Замената на азбестните цевки е од суштинско значење за унапредување на јавното здравје, подобрување на квалитетот на водата за пиење, намалување на загубите на вода и дефектите на мрежата, како и за зголемување на ефикасноста и сигурноста на водоснабдувањето во општината.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Свети Николе

## Реновирање на затворениот дел од пазарот во Свети Николе

По успешното реновирање на отворениот дел од пазарот, потребно е да се обнови и затворениот дел, кој се наоѓа во лоша физичка состојба. Проектот предвидува целосна реконструкција на затворениот пазарен простор, со современа инфраструктура, енергетска ефикасност и подобрени услови за работа и пазарење.

**Влијание на проектот:**

Реновирањето на затворениот дел од пазарот ќе овозможи модерни услови за трговците и посетителите, ќе придонесе за развој на локалната економија и ќе обезбеди подобар визуелен и функционален амбиент за сите корисници на пазарот.

**Целна група:**

Жители на Општина Свети Николе, локални трговци, земјоделци и посетители на пазарот



# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ



## ■ Реновирање на спортската сала „Цар Самуил“ – Свети Николе

Спортската сала „Цар Самуил“ е важен спортски и општествен објект во Свети Николе, но делови од неа се дотраени и небезбедни. Проектот опфаќа замена на кошевите, реновирање на паркетот, поправка на стаклените површини и целосно реновирање на санитарните простории, со цел создавање современи и функционални услови за спортување.

**Влијание на проектот:**

Обновата на салата ќе обезбеди безбедна и модерна спортска инфраструктура, која ќе ја поттикне физичката активност кај младите и пошироката заедница. Подобрениот амбиент ќе го унапреди квалитетот на тренинзите, настаните и ќе придонесе за развој на спортскиот дух во општината.

**Целна група:**

Ученици, млади спортисти, спортски клубови, рекреативци и љубители на спортот.



## Уредување на новиот парк во Свети Николе

Проектот опфаќа целосно уредување на новиот парк преку инсталација на современо осветлување, хортикултурно уредување, реконструкција на пешачките патеки и изградба на мал амфитеатар. Целта е да се создаде мултифункционален јавен простор за рекреација, културни и забавни настани.

**Влијание на проектот:**

Уредувањето на новиот парк ќе овозможи безбеден, привлечен и функционален простор достапен за сите генерации. Новото осветлување ќе придонесе за безбедност, зеленилото ќе ја подобри животната средина, а амфитеатарот ќе стане точка за културен живот и општествена интеракција. Проектот ќе придонесе за подобрување на квалитетот на животот во урбаниот дел на градот.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Свети Николе, особено млади, семејства, културни работници и рекреативци.

# ПРОЕКТИ

## Тампонирање на сите пристапни патишта до земјоделските површини на територијата на Општина Свети Николе

Проектот предвидува тампонирање и уредување на сите пристапни земјени патишта до земјоделските површини со цел овозможување подобар пристап за земјоделците, полесен транспорт на механизација и производи, како и зголемена безбедност и ефикасност при работа.

**Влијание на проектот:**

Подобрен пристап до ниви, намалени трошоци за транспорт и зголемена продуктивност кај земјоделците.

**Целна група:** Земјоделци

**Рок на реализација** 18 месеци

## Субвенционирање на бунари за наводнување на земјоделските површини

Проектот предвидува директна финансиска поддршка за земјоделците при изведба на бунари за наводнување, со цел обезбедување сигурен извор на вода, зголемување на земјоделското производство и намалување на зависноста од нестабилните климатски услови.

**Влијание на проектот:**

Зголемена продуктивност, стабилност на приноси и намалени загуби поради суши.

**Рок на реализација**

Започнува уште од првиот месец

## Изградба на два нови моста: кај ООУ „Кирил и Методиј“ и кај месноста викана Отпад

Проектот предвидува изградба на два нови моста – еден во близина на ООУ „Кирил и Методиј“ и еден кај локацијата Отпад, со цел подобрување на поврзаноста и безбедноста.

**Влијание на проектот:**

Подобрена безбедност и пристапност, поефикасена и подобра поврзаност на урбаниот простор.

**Целна група:**

Ученици, родители и останати локални жители.

**Рок на реализација**

12 месеци од стартот на градежните активности

## Формирање комисија за нотирање штети и започнување процес за изнаоѓање форма за помагање на граѓаните погодени од природни непогоди

Проектот предвидува формирање комисија што ќе изврши теренска процена и евиденција на предизвикани штети кај погодени граѓани, по што ќе се започне процес на изнаоѓање соодветна форма на институционална, материјална или финансиска поддршка.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на институционалниот одговор и обезбедување навремена помош за погоденото население.

**Целна група:**

Граѓани погодени од природни непогоди, технички дефекти или други настани што предизвикале материјални штети.

**Рок на реализација** 3 месеци од датумот на одобрување на апликацијата

## Младински центар

Младите во Свети Николе и околните населби сѐ повеќе се соочуваат со недостиг од простор за креативен израз, развој на вештини и социјализација. Многу од нив се подложни на социјална изолација, без можност за учество во активности што ќе ги поттикнат на лично и професионално растење. Со цел да се одговори на оваа потреба, проектот за изградба на младински центар во Свети Николе има цел да обезбеди простор што ќе служи како центар за креативност, образование, социјална интеграција и забавни активности за младите. Центарот ќе биде место каде што младите ќе можат да се развиваат во различни области – од уметност и култура до волонтеризам и иновации, и ќе биде достапен за сите млади луѓе.

**Влијание на проектот:**

Со изградбата на младинскиот центар, ќе се создаде безбедна и поддршка средина за младите да се развиваат, да се изразуваат и да учат нови вештини што ќе им помогнат во личниот развој и интеграција во општеството. Центарот ќе нуди простор за семинари, работилници, курсеви, настапи, проекти и волонтерски активности. Младинскиот центар ќе биде и платформа за младите да го развијат својот потенцијал и да придонесат за унапредување на заедницата

**Целна група:**

Млади на возраст од 14 до 29 год.

**Рок на реализација**

Втора година од мандатот

# ПРОЕКТИ

## Поставување енергетски ефикасни фасади на згради за колективно домување

Проектот предвидува субвенционирање на санација и термичка изолација на фасадите на колективните станбени згради со цел зголемување на енергетската ефикасност, намалување на потрошувачката на енергија и подобрување на животниот стандард на жителите.

**Влијание на проектот:**
Намалени трошоци за енергија, подобра топлинска изолација и зголемен комфор на живеење за граѓаните.

**Целна група:**
Станари во згради за колективно домување на територијата на Општина Свети Николе

**Рок на реализација**
Во фази, по приоритет и достапност на средства – од 6 до 12 месеци по зграда

## Изградба на парк за миленици

Сѐ поголем број семејства и млади луѓе во Свети Николе чуваат миленици, но во градот недостасува соодветен простор каде што тие можат безбедно да се прошетаат, да се дружат и да си играат.

Со изградбата на овој парк ќе се обезбеди специјално уреден простор со зелени површини, урбана опрема и реквизити за игра, кој ќе служи како безбедно место за прошетка и дружење на домашните миленици и нивните сопственици.

**Влијание на проектот:**

Со изградбата на паркот за миленици ќе се придонесе за:

- Подобрување на условите за чување на домашни миленици.
- Намалување на непријатностите од прошетки на миленици на несоодветни јавни места.

**Целна група:** Сопственици на миленици

## Реновирање на центарот за деца со посебни потреби

Центарот за деца со посебни потреби во Свети Николе претставува значајна институција што им обезбедува поддршка, едукација и социјализација на децата и младите со попреченост. Внатрешните простории на центарот се во лоша и застарена состојба и затоа со овој проект предвидуваме реновирање и модернизација на самиот центар.

**Влијание на проектот:**

Во рамките на проектот ќе бидат реновирани просториите, ќе се обезбедат специјализирани училишни и терапевтски простории. Овој проект ќе има големо влијание врз квалитетот на животот на децата со посебни потреби, како и на нивната интеграција во заедницата

**Целна група:**

Деца и млади со посебни потреби од општина Свети Николе, нивните семејства и стручниот кадар што работи со нив.

## Пренамена на запуштениот базен во скејт-парк

Запуштениот базен во Свети Николе претставува голем потенцијал за создавање ново место за спорт и рекреација. Со оглед на тоа што овој простор долго време не се користи, проектот за пренамена на базенот во скејт-парк има цел да го трансформира во современ простор за младите, кој ќе им понуди безбедно и забавно место за скејтинг и ролери. Пренамената на овој простор ќе понуди нови можности за да можат младите да се изразуваат, да се поврзат и да се занимаваат со спорт, а истовремено ќе помогне во заживување на локалната заедница и ќе го уреди запуштениот простор.

**Влијание на проектот:**

Скејт паркот ќе понуди место за сите љубители на екстремни спортови и ќе биде отворен за сите младинци, а истовремено ќе помогне во ревитализација на запуштениот дел од општината.

**Целна група:**

Деца и млади

## Подобрување на уличното осветлување во Општина Свети Николе

Во многу делови од Свети Николе и околните населени места уличното осветлување е застарено, недоволно или воопшто го нема. Недостигот од осветлување го намалува нивото на безбедност на граѓаните, ја отежнува секојдневната комуникација и создава чувство на запоставеност во урбаните и руралните средини.
Со овој проект се предвидува поставување и модернизација на уличното осветлување на целата територија на Општина Свети Николе.

**Влијание на проектот:**

Со реализација на проектот ќе се обезбеди:

- Подобра безбедност на сообраќајот и пешаците;
- Зголемено чувство на сигурност и квалитет на живот на граѓаните.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Свети Николе

# ПРОЕКТИ

## Мини спортско игралиште во секое маало и село

Во последните години градското подрачје на Свети Николе значително се прошири, создавајќи нови урбани делови во кои сè уште недостасуваат основни содржини за секојдневен живот, особено за најмладите. Од друга страна, руралните средини со години се соочуваат со недостиг од безбедни и опремени простори за детска игра и спорт. Поради тоа, децата во градските маала и во селата немаат соодветно место каде што можат да спортуваат, да се дружат или едноставно да поминат време на отворено. Со проектот „Мини спортско игралиште во секое маало и село" се предвидува уредување на мали, функционални спортски површини во секоја населба – достапни, безбедни и приспособени за различни активности, како што се фудбал, кошарка, ракомет и рекреативни игри. Игралиштата ќе станат нови центри на заедницата – места каде што ќе се негува спортскиот дух, здравите навики и социјалната поврзаност.

### Влијание на проектот:

Изградбата на мини спортски игралишта ќе придонесе за подобрување на физичката и менталната благосостојба на децата и младите, намалување на изолацијата и создавање еднакви можности за рекреација.

### Целна група:

Деца, млади и родители на територија на Општина Свети Николе

## Рехабилитација на улици со замена на водоводната мержа

Дел од улиците во градот се во лоша состојба и не одговараат на потребите на жителите. Улиците се со оштетена асфалтна површина, со дупки, пукнатини и нерегуларности што го отежнуваат движењето и претставуваат ризик за пешаците и возилата. Затоа, рехабилитацијата на уличната мрежа со замена на водоводната мрежа ќе биде една од нашите главни заложби. Со нов асфалтен слој, тротоари, нова водоводна мрежа, дрвореди и слично, ќе се подобри квалитетот на животот, безбедноста во сообраќајот и изгледот на целиот град.

### Влијание на проектот:

Оваа активност ќе придонесе за побезбедно движење на пешаци и возила, намалување на оштетувањата на приватните возила и општо унапредување на урбаната слика на градот.

### Целна група:

Жители на територијата на Општина Свети Николе

## Зајакнување на инфраструктурата во руралните средини

Руралните заедници на територијата на Општина Свети Николе долго време се соочуваат со недостиг од основни инфраструктурни услуги, како што се асфалтни улици, тротоари. Овој проект предвидува асфалтирање на улици, поставување тротоари таму каде што е најпотребно. Целта е да се подобрат условите за живот во овие населби, да се обезбеди поголема безбедност, како и да се подобри квалитетот на животот на граѓаните во руралните подрачја

### Влијание на проектот:

Асфалтирањето на улиците ќе ги намали проблемите со прав и кал во зимските и дождливите периоди, додека поставувањето на тротоарите ќе обезбеди безбедни патишта за пешаците, особено за децата и постарите лица.

### Целна група:

Жители на територијата на Општина Свети Николе

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**с. Ерџелија**
- Поврзување на цевковод со филтерната станица во градот
- Изградба на улици
- Реконструкција на мостот

**с. Мустафино**
- Изградба на улици
- Реконструкција на мостот

**с. Горобинци**
- Уредување на централното подрачје во селото
- Реновирање на домот
- Изградба на улици

**с. Амзабегово**
- Изградба на улици
- Уредување на централното подрачје во селото

**с. Црнилиште**
- Уредување на централното подрачје во селото
- Изградба на мултифункционално игралиште

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА